Врз основа на член 35_став 2 точка 1 и член 66 ставот 2 од Законот за вештачење ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 153/23), и членот 12 од Статутот на Комораата на вештаци, Управниот одбор на Комората на вештаци на Втората седница одржана на ден 5.12.2024 година го донесе следниот

**ДЕЛОВНИК**

**за работа на Управниот одбор на Комората на вештаци**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Управниот одбор на Комората на вештаци (во натамошниот текст: Управен одбор), како и начинот на свикување, одржување и одлучување на седниците на Управниот одбор.

Член 2

Управниот одбор го сочинуваат претседателот на Комората и раководителите на професионалните одделенија.

## II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Член 3

Членот на Управниот одбор, има право и должност;

- Да учествува на седниците на Управниот одбор, да расправа по сите прашања од дневниот ред на седницата и да учествува во носењето одлуки на Собранието на Комората;
- На седниците на Управниот одбор да поднесува предлози и поставува прашања и
- Да биде биран во органите и работните тела што ги избира Управниот одбор и да биде предлаган за избор во органи и тела што на предлог на Управниот одбор ги избира Собранието на Комората.

## IV. СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

**Свикување и раководење со седници**

Член 4

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Комората.

Седниците на Управниот одбор ги свикува претседателот на Комората по сопствена иницијатива или на барање на една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Доколку во рок од 30 дена од добивање на барањето на членовите на Управниот одбор, претседателот на Комората не свика седница на Управниот одбор, седницата ќе ја свикаат членовите на Управниот одбор кои го поднеле барањето, за што ќе се извести министерот за правда.

Со седницата на Управниот одбор од ставот 3 на овој член раководи најстариот член на Управниот одбор од присутното мнозинство.

**Кворум за работа и одлучување на седници**
Член 5

Седницата на Управниот одбор се одржува ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови на Управниот одбор, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку на седницата на Управниот одбор не се присутни половина од вкупниот број членови, седницата се свикува повторно во дополнителен рок од 15 дена.

На седницата на Управниот одбор свикана во дополнителниот рок, е потребно присуство од најмалку една третина од вкупниот број членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

На седниците на Управниот одбор може да бидат повикани да присуствуваат и да земат учество во дискусија без право на глас, членовите ан Надзорниот одбор на Комората, членови ан други органи и тела во кои членуваат вештаци предложени од Управниот одбор, обучувачи на вештаците, универзитетски професори, судии, јавни обвинители и други истакнати стручњаци за прашања од точките на Дневниот ред на седницата.

**Покана за седница**
Член 6

Поканата за присуство на седница на членовите на Управниот одбор и на другите поканети учесници на седницата им се доставува во електронска форма најдоцна во рок од 7 дена пред почетокот на седницата.

Поканата од ставот 1 на овој член содржи:
- датум, време и место на одржување на седницата;
- предлог дневен ред на седницата и
- материјали за точките од предложениот дневен ред.

По исклучок, кога тоа го налагаат околностите, претседателот на Комората може да свика вонредна седница на Управниот одбор.

Во случај на свикување вонредна седница на Управниот одбор, поканата за присуство на седницата на членовите на Управниот одбор може да им се достави и еден ден пред почетокот на седницата.

**Тек на седницата**

Член 7

На почетокот на седницата се утврдува дневниот ред.

Секој член на Управниот одбор може да предложи дополнување на дневниот ред кој се утврдува со мнозинство гласови од бројот на присутните членови.

Член 8

Во случај на спреченост на Претседателот на Комората, седницата ја води најстариот член на Управниот одбор.

Член 9

По утврдување на дневниот ред и прифаќање на записникот од претходната седница се преминува на расправа по точките на дневниот по редоследот по кој се наведени во дневниот ред.

По исцрпување на расправата по секоја точка, претседателот на Комората формулира предлог одлука или заклучок кој го става на гласање за усвојување.

Во расправата, покрај членовите на Управниот одбор, може да се вклучат и лицата поканети да учествуваат во работата на седницата.

Претседателот на Комората му дава збор за учество во расправа на секој пријавен согласно редоследот на пријавување.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот на Комората ја заклучува седницата.

**Одлучување**

Член 10

Одлуките и заклучоците на Собранието на Комората се носат со мнозинство гласови од присутните членови.

Членовите за секој предлог гласаат со изјаснување „за“, или „против“ .

Во случај да биде даден амандман на некоја одлука или заклучок, претседателот на Комората најпрво го става на гласање амандманот, па потоа ако тој не биде усвоен, го става на гласање основниот предлог на одлуката односно заклучокот.

**Електронска седница**

Член 11

По исклучок, Управниот одбор може да одлучи седницата да се одржи по електронски пат.

Предлог со образложение на причините за одржување на електронска седница може да даде претседателот на Комората или било кој член на Управниот одбор, за што Управниот одбор носи одлука со мнозинство гласови од сите членови.

Во одлуката од претходниот став на овој член се наведува и начинот на одржување на расправата и гласањето по точките на предложениот дневниот ред (платформа што ќе се применува од страна на Управниот одбор, обезбедување на јавност во работата на Управниот одбор преку вклучување на видео камера и аудио запис од одржаната седница и слично).

**Записник**

Член 12

За текот на седницата се води записник.

Записникот од став 1 на овој член го води записничар овластен со одлука на Управниот одбор.

Во записникот се внесуваат следниве податоци: број на одржана седница, место и времетраење на одржување на седницата, присутни и отсутни членови, присутни поканети лица, дневен ред и приказ на дискусијата и одлуката, заклучокот или мислењето донесени по секоја точка од дневниот ред.

Записникот се усвојува на наредната седница.

По усвојувањето, записникот го потпишуваат претседателот на Комората и записничарот.

Записникот и усвоените одлуки и заклучоци се чуваат во архивата на Комората.

## V. АКТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Член 13

Актите што ги донесува Управниот одбор се објавуваат на веб страницата на Комората.

Претседателот на Комората ги потпишува актите донесени од Управниот одбор.

Актите на Управниот одбор го содржат и печатот на Комората.

Член 14

Управниот одбор може да донесе одлука со која ќе го овласти претседателот на Комората во итни случаи самиот да врши одредени работи од негова надлежност.

Претседателот на Комората е должен за секое такво преземено дејство да го извести Управниот одбор.

## VI. ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Член 15

Функцијата на член на Управен одбор престанува:
- со истек на мандатот;
- по сопствено барање со поднесување оставка;
- со престанување на членството во Комората односно бришење од соодветниот Регистер;;
- во случај на трајна спреченост
- во други случаи согласно закон или Статутот на Комората.

\- Член 16

По поднесена оставка од страна на член на Управниот одбор, не се одлучува за нејзино прифаќање, туку истата се смета за прифатена со денот на поднесувањето.

Член на Управниот одбор може да биде разрешен од функцијата на барање на две третини од членовите на Управниот одбор заради:
- непридржување до одредбите од Законот за вештачење и Статутот на Комората, како и
- заради непрофесионално извршување на обврските кои произлегуваат од функцијата..

По поднесениот предлог од претходниот став на овој член, Одлука за разрешување се донесува на седница на Собранието на Комората, која претседателот на

Комората е должен да ја закаже во рок од 15 дена од изгласување на барањето од ставот 2 на овој член .

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Деловникот се објавува на веб страницата на Комората и на веб страницата на Министерството за правда.

Скопје, 5.12.2024

Управен одбор на Комората на вештаци

Претседател:
д-р Виктор Камнар

КОМОРА НА ВЕШТАЦИ на Република Северна Македонија * СКОПЈЕ